РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
Бр. 0201-543/24
09 07 2025 год.
ШТИП

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/18, бр. 178/21, бр. 58/24 и бр. 124/25), **Универзитетскиот сенат** на **245.** седница, одржана на **09.07.2025** година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

**за ослободување од плаќање партиципација за сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност во учебната 2025/2026 година од прва до четврта година на студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

## Член 1

Се дава согласност на одлука од Наставно – научниот совет на Филолошки факултет, бр. 1902-36/8 од 29.01.2025 година, за ослободување од плаќање партиципација за сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност (наставна насока и применета насока) во учебната 2025/2026 година од прва до четврта година на студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## Член 2

Од партиципација се ослободуваат сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на Филолошкиот факултет на студиската програма Македонски јазик и книжевност (наставна насока и применета насока) во учебната 2025/2026 година од прва до четврта година на студии.

## Член 3

Средствата за партиципација за прв циклус на студии од член 2, ќе бидат на товар на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет.

## Член 4

Составен дел на оваа одлука е одлуката од член 1.

## Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Изработил:** Советник за општи и правни работи,
М-р Кристина Ѓорѓиевска
**Одобрил:** Генерален секретар
М-р Ристо Костуранов

Претседател на Универзитетски сенат
Проф. д-р Снежана Мирасчиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 1902-36/8
29.01.2025 год.
ШТИП

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Сл.весник на РМ", бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на својата 300.седница одржана на 29.01.2025 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

**за доделување партиципации на сите активни редовни студенти запишани во прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност (наставна насока и применета насока) во учебната 2025/2026 година од прва до четврта година на студии**

**Член 1**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ослободување од плаќање партиципација на сите активни редовни студенти запишани во прв,втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност (наставна насока и применета насока) во учебната 2025/2026 година од прва до четврта година на студии.

**Член 2**

**ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА** за ослободување од плаќање партиципација на сите активни редовни студенти запишани во прв,втор и трет уписен рок на прв циклус на студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност во учебната 2025/2026 година од прва до четврта година на студии, се обезбедени согласно Одлуката бр.1905-35/4 од 29.01.2025 година донесена од Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип .

Партиципацијата се однесува на запишување првпат во соодветната година на студии.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 4**

Примерок од одлуката да се достави до Ректорската управа, Универзитетски Сенат,Кабинет на Генерален Секретар и Кабинет на Проректор за настава и архивата на Факултетот.

**Филолошки факултет**
**Декан,**
**Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ШТИП